Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.

Бр./Nr. 02-440/6

17-11-2025 20 год./viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 1 алинеа 3 и став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) како и член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член 35 став 1 точка 6 од Статутот на претпријатието, а во врска со објавениот јавен оглас за вработување на определено време 03/2025, ВД Директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" – Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**За поништување на Јавен оглас за вработување на определено време 03/2025**

1. СЕ ПОНИШТУВА јавниот оглас бр.03/2025 за вработување на определено време за 115(сто и петнаесет) лица до 31.12.2025 година, објавен во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха и на веб страната на ЈП Национални шуми на ден 01.08.2025 година.
2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена на официјалната веб страна на ЈП Национални шуми п.о. Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на ЈП Национални шуми беше објавен јавен оглас бр.03/2025 за вработување на определено време на 115 лица за сезонска работа до 31.12.2025 година, огласот беше објавен во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха на ден 01.08.2025 година, имено со распишувањето на Локалните избори 2025 беше донесено решение за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидатите за вработување бр.02-440/4 од 12.08.2025 година. По завршувањето на Локалните избори 2025 донесено е решение за продолжување на започнатата постапка за селекција на кандидатите за вработување бр.02-440/5 од 14.11.2025 година, при увидот во јавниот оглас констатирано е дека се работи за сезонско вработување на работници до 31.12.2025 година, а согласно моменталните потреби на јавното претпријатие за извршување на сезонски работи во преостанатиот зимски период до 31.12.2025 година се намалува потребата од извршување на ваков вид работни активности, поради што се одлучи да се поништи јавниот оглас бр.03/2025.

Врз основа на понапред наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука може да се поднесе жалба во рок од осум дена сметано од денот на објавата на огласната табла и на интернет страната на ЈП „Национални шуми" – Скопје, до Управниот одбор.

**ЈП „Национални шуми" – Скопје**
**ВД Д и р е к т о р,**
**Здравко Трајанов**

**Доставено до :**
- Архива

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
п.о. Скопје
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
PYJE KOMBËTARE